| **46** | **SUBVENCII I TRANSFERI** | **0** | **0** | **100.000** | **110.000** | **100.000** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **200.000** | **210.000** |
| 464 | Razni transferi | 0 | 0 | 100.000 | 110.000 | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 210.000 |

# POSEBEN DEL - rebalans
## Nivo: Stavka

| Kategorija Stavka | O P I S | Buxetski rashodi | | Rashodi od samofinansira~ki aktivnosti | | Rashodi od dotacii | | Rashodi od donacii | | Rashodi od krediti | | Vkupni rashodi | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans |
| | | **124.786.368** | **130.565.885** | **9.988.000** | **9.988.000** | **201.667.612** | **201.667.612** | **24.560.487** | **26.589.506** | **11.150.000** | **11.150.000** | **372.152.467** | **379.961.003** |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** | **210.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** | **210.000** |
| 480 | Kupuvawe na oprema i ma{ini | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 110.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 110.000 |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 |

# POSEBEN DEL - rebalans
## Nivo: Stavka

| Kategorija Stavka | O P I S | Buxetski rashodi | | Rashodi od samofinansira~ki aktivnosti | | Rashodi od dotacii | | Rashodi od donacii | | Rashodi od krediti | | Vkupni rashodi | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans |
| | | **124.786.368** | **130.565.885** | **9.988.000** | **9.988.000** | **201.667.612** | **201.667.612** | **24.560.487** | **26.589.506** | **11.150.000** | **11.150.000** | **372.152.467** | **379.961.003** |
| VA | KAPITALNI RASHODI ZA DETSKI GRADINKI | 0 | 0 | 1.685.000 | 1.585.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.685.000 | 1.585.000 |
| | **PRIHODI :** | | | | | | | | | | | | |
| VA0 | KAPITALNI RASHODI ZA DETSKI GRADINKI | 0 | 0 | 1.685.000 | 1.585.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.685.000 | 1.585.000 |
| | **RASHODI :** | | | | | | | | | | | | |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **0** | **0** | **1.685.000** | **1.585.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.685.000** | **1.585.000** |
| 480 | Kupuvawe na oprema i ma{ini | 0 | 0 | 257.000 | 157.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 257.000 | 157.000 |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483 | Kupuvawe na mebel | 0 | 0 | 45.000 | 45.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 45.000 | 45.000 |
| 485 | Vlo`uvawa i nefinansiski sredstva | 0 | 0 | 3.000 | 3.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000 | 3.000 |
| 486 | Kupuvawe na vozila | 0 | 0 | 1.380.000 | 1.380.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.380.000 | 1.380.000 |
| VA0 | KAPITALNI RASHODI ZA DETSKI GRADINKI | 0 | 0 | 1.685.000 | 1.585.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.685.000 | 1.585.000 |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **0** | **0** | **1.685.000** | **1.585.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.685.000** | **1.585.000** |
| 480 | Kupuvawe na oprema i ma{ini | 0 | 0 | 257.000 | 157.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 257.000 | 157.000 |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483 | Kupuvawe na mebel | 0 | 0 | 45.000 | 45.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 45.000 | 45.000 |
| 485 | Vlo`uvawa i nefinansiski sredstva | 0 | 0 | 3.000 | 3.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000 | 3.000 |
| 486 | Kupuvawe na vozila | 0 | 0 | 1.380.000 | 1.380.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.380.000 | 1.380.000 |

# POSEBEN DEL - rebalans
## Nivo: Stavka

| Kategorija Stavka | O P I S | Buxetski rashodi | | Rashodi od samofinansira~ki aktivnosti | | Rashodi od dotacii | | Rashodi od donacii | | Rashodi od krediti | | **Vkupni rashodi** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **124.786.368** | **130.565.885** | **9.988.000** | **9.988.000** | **201.667.612** | **201.667.612** | **24.560.487** | **26.589.506** | **11.150.000** | **11.150.000** | **372.152.467** | **379.961.003** |
| | | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans |
| W0 | PROTIVPO@ARNA ZA{TITA | 1.665.000 | 2.861.791 | 0 | 0 | 6.000.000 | 6.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.665.000 | 8.861.791 |

## PRIHODI:

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| W00 | PROTIVPO@ARNA ZA[TITA | 1.665.000 | 2.861.791 | 0 | 0 | 6.000.000 | 6.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.665.000 | 8.861.791 |

## RASHODI:

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **40** | **PLATI I NADOMESTOCI** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.000.000** | **6.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.000.000** | **6.000.000** |
| 401 | Osnovni plati | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.126.104 | 4.126.104 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.126.104 | 4.126.104 |
| 402 | Pridonesi za socijalno osiguruvawe | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.873.896 | 1.873.896 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.873.896 | 1.873.896 |
| **42** | **STOKI I USLUGI** | **1.065.000** | **1.411.791** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.065.000** | **1.411.791** |
| 420 | Patni i dnevni rashodi | 5.000 | 25.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000 | 25.000 |
| 421 | Komunalni uslugi, greewe, komunikacija i transport | 325.000 | 550.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 325.000 | 550.000 |
| 423 | Materijali i siten inventar | 305.000 | 84.986 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 305.000 | 84.986 |
| 424 | Popravki i tekovno odr`uvawe | 300.000 | 216.805 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 216.805 |
| 425 | Dogovorni uslugi | 80.000 | 85.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 80.000 | 85.000 |
| 426 | Drugi tekovni rashodi | 50.000 | 450.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 450.000 |
| **46** | **SUBVENCII I TRANSFERI** | **600.000** | **1.450.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **600.000** | **1.450.000** |
| 464 | Razni transferi | 600.000 | 1.450.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 600.000 | 1.450.000 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| W00 | PROTIVPO@ARNA ZA[TITA | 1.665.000 | 2.861.791 | 0 | 0 | 6.000.000 | 6.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.665.000 | 8.861.791 |
| **40** | **PLATI I NADOMESTOCI** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.000.000** | **6.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.000.000** | **6.000.000** |
| 401 | Osnovni plati | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.126.104 | 4.126.104 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.126.104 | 4.126.104 |
| 402 | Pridonesi za socijalno osiguruvawe | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.873.896 | 1.873.896 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.873.896 | 1.873.896 |
| **42** | **STOKI I USLUGI** | **1.065.000** | **1.411.791** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.065.000** | **1.411.791** |
| 420 | Patni i dnevni rashodi | 5.000 | 25.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000 | 25.000 |
| 421 | Komunalni uslugi, greewe, komunikacija i transport | 325.000 | 550.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 325.000 | 550.000 |
| 423 | Materijali i siten inventar | 305.000 | 84.986 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 305.000 | 84.986 |
| 424 | Popravki i tekovno odr`uvawe | 300.000 | 216.805 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 216.805 |
| 425 | Dogovorni uslugi | 80.000 | 85.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 80.000 | 85.000 |
| 426 | Drugi tekovni rashodi | 50.000 | 450.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 450.000 |
| **46** | **SUBVENCII I TRANSFERI** | **600.000** | **1.450.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **600.000** | **1.450.000** |
| 464 | Razni transferi | 600.000 | 1.450.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 600.000 | 1.450.000 |

# POSEBEN DEL - rebalans
## Nivo: Stavka

| Kategorija Stavka | O P I S | Buxetski rashodi | | Rashodi od samofinansira~ki aktivnosti | | Rashodi od dotacii | | Rashodi od donacii | | Rashodi od krediti | | Vkupni rashodi | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 124.786.368 | 130.565.885 | 9.988.000 | 9.988.000 | 201.667.612 | 201.667.612 | 24.560.487 | 26.589.506 | 11.150.000 | 11.150.000 | 372.152.467 | 379.961.003 |
| | | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans | Buxet | Rebalans |
| WA | KAPITALNI RASHODI ZA PROTIVPO@ARNA ZA{TITA | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **PRIHODI:** | | | | | | | | | | | | |
| WA0 | PROTIVPO@ARNA ZA [TITA (KAPITALNI TRO[OCI) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **RASHODI:** | | | | | | | | | | | | |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 486 | Kupuvawe na vozila | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| WA0 | PROTIVPO@ARNA ZA [TITA (KAPITALNI TRO[OCI) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 486 | Kupuvawe na vozila | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# POSEBEN DEL - rebalans
## Nivo: Stavka

| Kategorija Stavka | O P I S | Buxetski rashodi Buxet | Buxetski rashodi Rebalans | Rashodi od samofinansira~ki aktivnosti Buxet | Rashodi od samofinansira~ki aktivnosti Rebalans | Rashodi od dotacii Buxet | Rashodi od dotacii Rebalans | Rashodi od donacii Buxet | Rashodi od donacii Rebalans | Rashodi od krediti Buxet | Rashodi od krediti Rebalans | Vkupni rashodi Buxet | Vkupni rashodi Rebalans |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **124.786.368** | **130.565.885** | **9.988.000** | **9.988.000** | **201.667.612** | **201.667.612** | **24.560.487** | **26.589.506** | **11.150.000** | **11.150.000** | **372.152.467** | **379.961.003** |
| X1 | RODOVA EDNAKVOST | 190.000 | 190.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 190.000 | 190.000 |
| | **PRIHODI :** | | | | | | | | | | | | |
| X10 | RODOVA EDNAKVOST | 190.000 | 190.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 190.000 | 190.000 |
| | **RASHODI :** | | | | | | | | | | | | |
| **42** | **STOKI I USLUGI** | **190.000** | **190.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **190.000** | **190.000** |
| 426 | Drugi tekovni rashodi | 190.000 | 190.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 190.000 | 190.000 |
| X10 | RODOVA EDNAKVOST | 190.000 | 190.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 190.000 | 190.000 |
| **42** | **STOKI I USLUGI** | **190.000** | **190.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **190.000** | **190.000** |
| 426 | Drugi tekovni rashodi | 190.000 | 190.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 190.000 | 190.000 |

**Член 4**

Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Ресен за 2023 година  влегуваат во сила со денот на објавувањето  во Службен гласник на Општината.

Бр.08-1348/4
27.06.2023 година
Ресен

Претседател на Совет
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Годишен план за вработување за 2024 година на ЈОУДГ“ 11 Септември“ Ресен

Се објавува Заклучокот по Годишен план за вработување за 2024 година на ЈОУДГ“ 11 Септември“ Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 27.06.2023 година.

Бр.09-1416/2 | Градоначалник
29.06.2023 година | Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 27.06.2023 година, откако го разгледа Годишниот план за вработување во ЈОУДГ “11 ти Септември“ Ресен за 2024 година, го донесе следниот ,

З А К Л У Ч О К

Не се усвојува Годишниот план за вработување во ЈОУДГ “11 ти Септември“ Ресен за 2024 година, со арх. Бр.04-82/1 од 17.05.2023 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08- 1348/5 | Претседател
27.06.2023 година | Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Стратегија за
локален економски развој 2023-2027

Се објавува Заклучокот по Стратегија за локален економски развој 2023-2027, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 27.06.2023 година.

Бр.09-1416/3 — Градоначалник
29.06.2023 година — Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 27.06.2023 година, откако ја разгледа Стратегијата за локален економски развој 2023-2027, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Стратегијата за локален економски развој 2023-2027.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08- 1348/6 — Претседател
27.06.2023 година — Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

# ОПШТИНА РЕСЕН



Стратегија
за локален економски развој
2023-2027

# СОДРЖИНА

*ПРЕДГОВОР ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ-----------------------------------------3*

*ИЗВРШНО РЕЗИМЕ--------------------------------------------------------------4*

*1 ВОВЕД-------------------------------------------------------------------------5*

*2 АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА-------------------------------------6*

*2.1 ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ------------------------------10*

*2.2 БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ И АДМИНИСТРАЦИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА---------------------------------------11*

*2.3 ПРИСТАП ДО ФИНАНСИИ И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА-----------12*

*2.4 ЗЕМЈИШТЕ И ИНФРАСТРУКТУРА---------------------------------------13*

*2.5 РЕГУЛАТОРНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА-----------------------14*

*2.6 ВЕШТИНИ ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И ИНКЛУЗИВНОСТ------------------15*

*2.7 НАДВОРЕШНО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ И МАРКЕТИНГ------------------16*

*3.АНАЛИЗА НА СИЛНИ СТРАНИ СЛАБИ СТРАНИ МОЖНОСТИ И ЗАКАНИ--------------------------------------------------------------------------18*

*4.АКЦИОНЕН ПЛАН----------------------------------------------------------19*

# ПРЕДГОВОР ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

*Да се биде градоначалник на Општина Ресен е привилегија, но и голема одговорност.*

*Недопрената природна, погодна клима, богато културно историско наследство, географската положба, сообраќајната и енергетската поврзаност се одлични предуслови за локален развој.*

*Лично верувам дека тимската работа носи најголем резултат, општинската администрација е составена од луѓе на кои им верувам, луѓе кои имаат капацитет и кои придонесуваат за развој на нашата општина.*

*Силно сме посветени на реализација на стратешките проекти во насока на подобрување на животниот стандард на граѓаните, развој на економијата, решавање на комуналните и инфраструктурните проблеми, промоција на нашата општина во културниот, забавниот и спортскиот живот, за доброто на сите.*

*Планирањето на локалниот економски развој е комплексен и визионерски процес на нашата Преспа така што таа ќе стане современа, зелена, економски стабилна средина посакувана од туристите и инвеститорите.*

***Искрено,***
***Јован Тозиевски***

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Општина Ресен е една од општините во која се имплементира проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите" под покровителство на УСАИД, каде што една од активностите е и поддршка за подготовка или ажурирање на стратегии за локален економски развој.

Стратегијата за локален економски развој е развиена од страна на Одделението за локален економски развој и прекугранична соработка во партнерство со општинската администрација, надлежни министерства, агенции и институции, локалниот социо-економски совет, бизнис заедницата, граѓаните и граѓански организации во Општина Ресен.

Во процесот на изработка на Стратегијата за локален економски развој подготвена е анализа на локалната економија, SWOT анализа, визија на општината, стратешки цели и акционен план со финансиска конструкција.

Визијата на Општина Ресен е да бидеме општина со одржлив економски развој, со препознатливи земјоделски производи, Преспа посакувана туристичка дестинација за езерски, авантуристички, здравствен и екотуризам.

Силни страни на Општина Ресен се поволните услови за земјоделско производство, долгата традиција, знаење и искуство во производство на јаболка, поволни услови за развој на туризмот со богато природно, културно и историско наследство, поволни услови за искористување на обновливи извори на енергија.

Можности во функција на развој на Општина Ресен се достапноста до финансиски средства од домашни и странски фондови и програми, зголемената побарувачка за алтернативни форми на туризам, зголемена побарувачка за еколошки и органски земјоделски производи и преработки, граничните премини Маркова Нога и Стење, заедничка прекугранична туристичка понуда на прекуграничниот регион Преспа.

Стратешки цели на Општина Ресен се: Подобрување на условите за инвестиции во локалната економија, подобрување на конкурентноста на локални производи и пласман на нови пазари и подобрување на туристичка понуда на Преспа.

# 1 ВОВЕД

Оваа стратегија за локален економски развој на Општина Ресен  е изработена со помош на Проектот на УСАИД „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите и истата ќе се имплементира преку годишните програми на Општина Ресен, со средства од  Буџетот на Општина Ресен и донаторски средства.

Локалниот економски развој е организирана дејност на локалната заедница, која преку меѓусебна соработка има за цел да придонесе за  подобрување на квалитетот на живот на одржлив начин.




Општината Ресен е сместена во Преспанската котлина, ограничена со планините Баба (највисок врв Пелистер 2600м.) на исток и Галичица (2235м.) на запад. На север се планините Плакенска и Бигла (1933 м.) а на југ на албанскиот дел со Горбеч (1750 м.).

Општина Ресен има површина од 739 км2, поделена на копно со 562 км2 и вода со 177 км2 и претставува посебна просторна целина.

Во Преспанската котлина се двата национални паркови Пелистер и Галичица, Парк на природата Езерани, Споменик на природата Преспанско Езеро и дел од Биосферен резерват Преспа- Охрид заштитен од УНЕСКО.

Оваа област се смета за еколошки ентитет од глобално значење затоа што тука може да се сретнат разновидни биотопи, езера, планина и шуми кои имаат единствени, уникатни карактеристики и голем број на ендемски видови.

Природна реткост претставува островот Голем Град кој се наоѓа во Големото Преспанско Езеро и зафаќа површина од 1 км2. Островот е обраснат е со бујна шумска вегетација со најголема застапеност на фојата која е ендемски вид.

Културата во Преспа датира уште од неолитот, пред 8000 години. Via Egnatia поминувала низ котлината за време на Римската Империја. Преспа била престолнина на моќното Самоилово Царство основано во 10 век. На територија на Општина Ресен  регистрирани се 123 цркви и манастири и 130 археолошки локалитети од различни периоди од развојот на материјалната култура.

Општината Ресен се граничи со општините Охрид, Битола и Демир Хисар. Има вкупно 44 топоними на места, од кои 43 се рурални, од нив 39 активни и 4 неактивни и една урбана средина.

Согласно пописот од 2021 година во Општина Ресен живеат 14.373 жители од кои 49,98 % жени и 50,02% мажи. Населението е распоредено во 4.272 домаќинства со просечен број на членови во домаќинство 3,36 и просечна населеност од 19,45 жители/км2. Население во градот Ресен 55 % и население во селата 45%. Историски бројот на жители во Општина Ресен се движел 2002 год. - 16.825 жители, 1994 год. - 17.681 жители, 1991 год. - 23.533 жители, 1981 год. - 25.360 жители.

Во Општина Ресен евидентен е регионалниот тренд на миграција и иселување на младите кон главниот град и во странство.

# 2 АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА

Носечки столбови на локалната економија во Општина Ресен се овоштарството , туризмот, лесна и незагадувачка индустрија

На територија на Општина Ресен евидентирани се вкупно 499 економски деловни субјекти од кои 320 се микро, 168 се мали, 6 се средни и 5 големи.

Во микро деловните субјекти вработени се вкупно 1178 работници, во малите вработени се вкупно 2097 работници, во средните 418 работници и во големите деловни субјекти вработени се вкупно 356 работници.




*Број на деловни субјекти по големина и број на вработени*

Малите и микро субјекти претежно припаѓаат на трговските и услужните дејности додека пак средните и големи деловни субјекти се од секторот производство и трговија на прехранбени производи, обработка на овошје и транспортни услуги.

| Дејност | Број |
|---|---|
| Трговија на големо и трговија на мало | 224 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 44 |
| Стручни, научни и технички дејности | 39 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 33 |
| Транспорт и складирање | 32 |
| Други услужни дејности | 32 |
| Преработувачка индустрија | 27 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 23 |
| Градежништво | 12 |
| Образование | 9 |
| Административни и помошни услужни дејности | 5 |
| Уметност, забава и рекреација | 5 |
| Информации и комуникации | 4 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 4 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 3 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 2 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 1 |
| Вкупно | 499 |

*Број на деловни субјекти по дејност*

Овоштарството е најзначајна стопанска дејност во Општина Ресен со 5000 хектари под овошни насади.

Согласно пописот во 2021 во Општина Ресен има 4.272 домаќинства, од кои 74 проценти или 3.172 домаќинства (семејни земјоделски стопанства и регистрирани земјоделци) се директно поврзани со овоштарството.




*Број на регистрирани земјоделци/семејни земјоделски стопанства*

Годишното производство на јаболка во Преспа во зависност од годината во просек се движи околу 100.000 тони.




*Годишно производство на јаболка*

Најголем дел од годишната реколта на јаболко од Преспа се извезува во Русија, Бугарија, Србија, Ирак, Косово, Грција, Романија и др. а околу 25% од производството се пласира на домашниот пазар.

Во 2019 година, пред почетокот на здравствената и економска криза извезени се околу 74.000 тони јаболко и остварен е годишниот приход од извоз на овошје во Преспа од околу 21 милион евра.

| Извоз Јануари-Декември 2019 | | | |
|---|---|---|---|
| | количина | Цена/кг | приход |
| **Русија** | 27.777.778 kg | 0,36 € | 10.000.000 € |
| Бугарија | 24.117.647 kg | 0,17 € | 4.100.000 € |
| Србија | 5.925.926 kg | 0,27 € | 1.600.000 € |
| Ирак | 5.000.000 kg | 0,50 € | 2.500.000 € |
| Косово | 5.000.000 kg | 0,32 € | 1.600.000 € |
| Грција | 3.747.619 kg | 0,21 € | 787.000 € |
| Романија | 2.575.758 kg | 0,33 € | 850.000 € |
| Вкупно | **74.144.727 kg** | | **21.437.000 €** |




*Извоз на јаболка во 2019 година*

По 2019 година и со почетокот на здравствена и економска криза како и воениот конфликт драстично се намалува приходот од извоз на овошје во Преспа. Во 2022 година извезени се околу 64.000 тони јаболко но најчесто како индустриско јаболко по значително пониска цена. Во 2022 година остварен е приход од извоз од околу 12 милиони евра.

| Извоз Јануари-Декември 2022 | | | |
|---|---|---|---|
| | Количина | Цена/кг | Приход |
| **Бугарија** | 25.123.682 kg | 0,10 € | 2.587.739 € |
| Русија | 10.148.889 kg | 0,50 € | 5.074.445 € |
| Србија | 8.826.396 kg | 0,11 € | 944.424 € |
| Косово | 7.333.904 kg | 0,22 € | 1.606.125 € |
| Грција | 3.127.116 kg | 0,12 € | 372.127 € |
| Црна Гора | 3.008.771 kg | 0,23 € | 695.026 € |
| Босна и Херцеговина | 2.813.778 kg | 0,19 € | 528.990 € |
| Романија | 2.286.261 kg | 0,24 € | 548.703 € |
| Ирак | 1.573.771 kg | 0,14 € | 217.180 € |
| Словачка | 76.479 kg | 0,65 € | 49.711 € |
| Вкупно | **64.319.047 kg** | | **12.624.471 €** |




*Извоз на јаболка во 2022 година*

Општина Ресен има одлични услови, долга традиција, знаење и искуство за развој на овоштарството, но извозна ориентираност во региони погодени со воен конфликт и санкции, малиот број на капацитети за складирање, преработка и пласман како и малата додадена вредност на локалните земјоделски производи се актуелни предизвици на овоштарството во Преспа.

Туризмот во Општина Ресен е значајна стопанска дејност. Туристичките субјекти во Општина Ресен на располагање имаат вкупно 442 соби и 1446 легла во 6 хотели, 2 мотели, 3 автокампови и 48 угостителски услуги од мал обем во индивидуални станбени објекти. Општина Ресен располага со одлични услови за развој на алтернативни форми на туризам како рурален, здравствен, манастирски, авантуристички туризам.




Во последните десетина години, Преспа во просек ја посетуваат околу 6.000 туристи годишно со просечно 25.000 ноќевања на годишно вино. Во последните три години евидентно е намалување на бројот на ноќевања на домашни и странски туристи.



# 2.1 ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ

Со цел подобрување на бизнис климата на локално ниво како и подобрување на комуникацијата со приватниот сектор во Општина Ресен формиран е Локален социо економски совет во кој партнерски членуваат Општина Ресен, Сојуз на синдикати, Локални бизнис субјекти, претставници на АВРМ, центар за социјални работи, образовни институции и други засегнати и заинтересирани страни.

Целта на ова советодавно тело е да поттикне соработка за стратешки прашања за локален економски и одржлив развој на општината, утврдување развојни и структурни приоритети, привлекување на домашен и странски капитал, насоки за водење на локална економска политикаи поволна средина за развој на бизнисот, подобрување на протокот на информации, услугите за бизнисите како и некои административни процедури, градење партнерства со регионални, национални и меѓународни субјекти.

Локалниот економско-социјален совет на Општина Ресен разгледува прашања, дава мислења, предлози и препораки до Советот на Општината и други органи.

Редовно, градоначалникот и општинската администрација одржуваат средби со граѓаните, граѓанските здруженија и стопанството  со цел подобрување на општинските услуги, подобрување на условите за водење на бизнис, имиџот на општината како погодно место за водење бизнис и квалитетно живеење. Помош на општинската администрација на бизнис секторот во давање на насоки, информации, стручна помош за аплицирање за добивање на грантови пред домашни и странски донатори и други фондови за финансирање.

Во делот на локална соработка и вмрежување предизвик претставува  непостоењето на формално регистрирана форма на здружување на бизнис секторот на локално ниво, нема локална комора, ниту туристичка асоцијација во општината,  недоволно вмрежување и создавање на заедничка туристичка понуда вклучително и прекугранична регионална заедничка туристичка понуда на Преспа како една прекугранична туристичка дестинација.



# 2.2 БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ И АДМИНИСТРАЦИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Една од главните функции на локалната администрација е да воспостави оперативна средина за сите чинители, вклучително и приватниот сектор и граѓанското општество. Колку оваа средина е поотворена, потранспарентна, толку целокупниот систем станува пожив, поефикасен и поздрав. Нулта толеранција кон корупцијата, како и посветеноста на принципите на доброто управување (како што се учество, инклузивност, отчетност и владеење на правото), се предуслови за зголемување на довербата на деловните кругови, довербата на граѓанското општество и општо задоволство на локалната заедница.

Предизвик за бизнис секторот е тоа што нема локални субјекти со советодавна улога како бизнис инкубатори, и обуки за искористување на средства за започнување на нови бизниси како и унапредување и осовременување на постоечките.

Во земјоделството се предвидуваат мерки и активности за поттикнување на инвестиции во откупно дистрибутивни центри за складирање и пласман на земјоделските производи, поттикнување на преработки на земјоделски производи и добивање на додадена вредност на примарниот производ, поттикнување на брендирање и препознатливост на локалните земјоделски производи како производи со географско потекло, како и обуки и помош при подготовка на документација за искористување на средства од ИПАРД програмата за земјоделство.

Во туризмот се предвидуваат мерки за подобрување на инфраструктурата на туристичките локалитети, поттикнување на вмрежување и создавање на заедничка туристичка понуда на Преспа како една прекугранична туристичка дестинација, споделување на добри практики и обука за комуникациски вештини, стандардизација на туристичката/угостителската понуда, маркетинг и сл.

Во однос на транспарентност и борба против корупција, општината редовно ги објавува своите финансиски извештаи, буџет, завршни сметки, јавни набавки, годишни планови, соопштенија за јавна презентација и јавни анкети на општинската веб страна така што сите релевантни информации се на располагање на приватниот сектор како и другите чинители во општеството.

Локалната самоуправа градоначалникот, советниците, стручните служби во секојдневното работење остваруваат редовни контакти со граѓаните, граѓанските организации и стопанството се практикува отчетност и транспарентност преку информирање на електронските медиуми и социјални мрежи и одржување на седници на Советот отворени за јавноста.

Сите тендерски постапки организирани од страна општинската администрација се објавени на електронски систем за јавни набавки (https://e-nabavki.gov.mk/) и на отворањето на понудите може да учествува секоја заинтересирана страна.

Транспарентноста е општоприфатен основен принцип на јавните набавки за унапредување на конкуренцијата, зголемување на ефикасноста на потрошените средства и ги намалува заканите од корупција.

Транспарентниот процес на јавни набавки им овозможува на граѓаните да бараат отчетност и одговорност од локалната самоуправа.

## 2.3 ПРИСТАП ДО ФИНАНСИИ И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

Достапноста и пристапот до финансирање е речиси секогаш голем предизвик за новите и малите бизниси.

Финансирањето е предуслов за поттикнување на претприемништвото.

Основен предизвик на претприемачите, малите и средни претпријатија за започнување/унапредување на бизнисот е обезбедување на финансиски средства.

Општината има лимитирана улога во обезбедување на финансии на локално ниво, но може да придонесе индиректно преку насочување постоечките извори на финансии во соодветната локална област.

Финансиските средства може да се обезбедат од разни извори, како што се сопствени средства, приватни инвеститори, банки, инвестициони фондови, владини институции, и сл.

Секоја од банките кои имаат свои експозитури во Општина Ресен имот своја свои кредитни линии на кредитирање на стопанските субјекти. Комерцијалните банки најчесто нудат кредити за инвестиции во основни средства, обртни средства и средства за рефундирање на обврски од други банки наменети за бизниси, земјоделци, јавни претпријатија. Кредитите може да бидат 10.000 до 500.000 евра. Услови за добивање кредит се хипотекарен залог, залог на подвижни предмети, меница во форма на нотарски акт, жирант и сл.

Национални програми за поддршка на претприемништвото и претпријатијата се од голема важност за пристапот до финансии од страна на претпријатијата. Такви се Фонд за иновации и технолошки развој, ИПАРД, Министерство за економија, мерки на Агенција за вработување, и сл.

Фондот за иновации и технолошки развој поддржува основање на иновативни стартап компании, комерцијализација на производи и услуги основање, финансирање на социјални претпријатија и сл. Висината на средства за поддршка може да биде од 5 000 евра па до 300 000 евра.

ИПАРД Програмата имплементирана од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој АФПЗРР подржува инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства, инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи, инвестиции во руралната јавна инфраструктура, инвестиции во руралната јавна инфраструктура, инвестиции за диверзификација на земјоделското производство.

Македонска банка за поддршка на развојот МБПР нуди финансиски и нефинансиски услуги како финансирање на развојот на македонското стопанство, финансирање на инфраструктурата, поддршка на развојот на малите и средни претпријатија, поттикнување на извозот, поттикнување на заштита на животната средина, осигурување на извозот на македонски производи и услуги од комерцијални и политички ризици и поддршка на регионалниот развој.

Европската банка за обнова и развој ЕБОР банката промовира кофинансирање и странски директни инвестиции, го мобилизира домашниот капитал и обезбедува техничка помош, работи со банки, индустрии и бизниси, како и со јавни претпријатија.

Агенцијата за поддршка на претприемништво АППРМ ги поддржува микро, малите и средни бизниси и промовира на претприемништво преку нефинансиски и финансиски форми на поддршка.

Агенцијата за вработување АВРМ имплементира програми и проекти насочени кон невработените лица, правни субјекти, микро, мали и средни претпријатија и занаетчии за отворање на нови работни места.

Министерство за економија на национално и регионално имплементира програми за поддршка и развој на малите и средните претпријатија за конкурентност, иновации и претприемништво.

# 2.4 ЗЕМЈИШТЕ И ИНФРАСТРУКТУРА

Индустриска зона Макази е на површина од 5 хектари во близина на магистралниот патен правец А3 Битола-Ресен со намена откупни и дистрибутивни центри, ладилници, складишта, преработка на овошје и зеленчук. Индустриската зона е изградена.

Индустриска зона Преспатекс е на површина од 24 хектари во близина на магистралниот патен правец А3 Битола-Ресен со намена лесна индустрија, производство на сокови, текстилна конфекција, складишни објекти. Индустриската зона е изградена.

Финско село е урбанизирано земјиште е на површина од 24 хектари во близина на село Долно Дупени (Маркова Нога) со намена хотели и ресторани, домување од мал обем, терени за порт и рекреација. Земјиштето не е изградено.










Во однос на земјиште и инфраструктура се јавува потреба од нова индустриска зона со соодветна комунална инфраструктура и изработка на каталог на слободно земјиште и објекти погодни за инвестиции

# 2.5 РЕГУЛАТОРНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Развојот на регулаторната институционална рамка е дел од процесот на трансформација на општествено-економскиот систем и изградбата на пазарната економија.

Стопанството е во тесна партнерска корелација со локалната самоуправа за создавање на погодна бизнис средина. Локалната самоуправа гради партнерски односи со стопанството преку доближување и пристапност на административните услуги и процедури, едношалтерски систем и онлајн услуги.

Регистрирањето на фирма е формализирање на процесот на започнување на бизнис. Регистрацијата на нови бизниси се одвива по брза постапка во Централен регистар.

Пријавата за упис на друштвото со сите потребни документи се доставува до Централниот Регистар или електронски на е-Регистрација преку овластени регистрациони агенти или самостојно доколку се поседува дигитален сертификат. Постапката се состои од 3 чекори: (1) обезбедување на сертификат, (2) подготовка на документацијата и (3) поднесување на пријавата. Регистрацијата се прави без никакви трошоци ниту кон Централниот регистар, ниту кон регистрациониот агент.

Земјоделска дејност може да врши физичко лице чиј обем на работа не ја надминува земјоделската дејност од помал обем (дејност од помал обем претставува вршење на земјоделска дејност лично од земјоделецот и најмногу 10 вработени, вклучувајќи ги и членовите на неговото семејство како и најмногу 5 сезонски работници).

Индивидуалниот земјоделец треба да е запишан во регистарот на индивидуални земјоделци во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Локалната администрација е насочена кон потребите на граѓаните и овозможува лесно достапни услуги, како и електронски услуги на општинската веб страна.

Согласно консултациите со стопанството, најголем предизвик се обемните процедури за урбанизација и издавање на соодветни дозволи за градење.

Процесот за издавање на одобрение се спроведува електронски започнувајќи од електронско поднесување и потпишување на потребната документација од страна на инвеститорот, електронска подготовка и донесување на актите во постапката, електронско известување и обезбедување на потребни податоци и документација од останати вклучени субјекти и електронско издавање на актите во постапката. Постапката се спроведува во координација и со други институции од каде и произлегува обемноста и времетраењето на процесот за издавање на одобрение.

## 2.6 ВЕШТИНИ ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И ИНКЛУЗИВНОСТ

Од регистрираните 1234 невработени кои активно бараат работа во Општина Ресен, 43% се жени и 57% се мажи. Од аспект на образование, доминираат лица со ниско образование. Скоро половина (48%) од невработените лица се без основно и со основно образование (42%) и непотполно средно образование.

Побарувачката за работен кадар со средно стручно образование е поголема во споредба со оние со средно општо образование. Најголема побарувачка има за занимања за индустриски начин на работа во производство и вклучуваат: шивач, продавач, возач на товарно возило, келнер, бравар, магационер, заварувач, готвач и слични занимања. Следни побарувани работници со средно образование се работници во услужни дејности и продажба, и ракувачи и поставувачи на машини и постројки. Сите побарувани работници со високо образование се во занимањето стручњаци и научници, од нив, една третина се однесува на систем администратор и за програмер.

Генерален заклучок е дека суфицитарни јазови (кога понудата е поголема од побарувачката) се појавуваат кај занимањата со високи вештини, особено кај општествени и образовни занимања. Додека, кај занимањата со средни и ниски вештини доминираат дефицитарни јазови, со недостиг од работници со средно образование, за различни занимања.

Во Општина Ресен има едно средно училиште СОУ Цар Самоил. Се очекува средното училиште во следните четири години да продуцира околу 300 профилирани кадри на пазарот на труд. Од кои 80% од продуцираните кадри се со гимназиско образование, кои се класифицираат како без занимање, додека останатите 20% се во занимањето помошни стручњаци за наука и инженеринг (агротехничар и техничар за фитомедицина/земјоделско-ветеринарен насока и техничар за фармерско производство/Земјоделско-ветеринарен).

Трендот на миграција кон економии каде повеќе е платена работната рака е глобален и локалната самоуправа нема механизми за справување со истиот. Евидентен е недостаток на сезонска работна сила, претежно во овоштарството.

Долгорочно за очекување е висококвалификуван кадар да е дефицитарен, како резултат на миграцијата во соседните општини каде има големи производни капацитети од автомобилската индустрија.

# 2.7 НАДВОРЕШНО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ И МАРКЕТИНГ

Преспанскиот регион е сместен на Балканскиот Полуостров, на тромеѓето помеѓу Република Северна Македонија, Албанија и Грција. Оваа област е еколошки ентитет од глобално значење бидејќи тука може да се сретнат разновидни биотопи: езера, планина и шуми кои имаат единствени, уникатни карактеристики. Преспанско Езеро, прогласено за споменик на природата е меѓу најстарите езера во Европа во кое може да се најдат голем број на ендемски видови. Регионот се Охрид -Преспа е прогласен за биосферен резерват заштитен од УНЕСКО.

Преспанската котлина е помеѓу двата национални паркови Пелистер и Галичица, а на северниот дел од езерото на површина 1917 ha сместен е Паркот на Природа Езерани живеалиште на околу 200 видови на птици од кои 62 видови се ставени на листата на заштитени видови во согласност со Берн Конвенцијата.

Природна реткост е островот Голем Град кој се наоѓа во Големото Преспанско Езеро и зафаќа површина од 1 км2. Островот е обраснат е со бујна шумска вегетација со најголема застапеност на фојата која е ендемичен вид. На островот постоеле 7 цркви, од кои сочувана е само црквата Св. Петар.  Островот е археолошки локалитет со остатоци од живеалишта, цркви некрополи од Римската епоха и средновековието, богат резерват на ендемични растенија и како природна реткост заштитет со закон и изолиран хабитат со минимално влијание од страна на човекот.

Благодарение на природно-географските услови Преспа била населена од најстари времиња, во палеолитот

Извршените археолошки истражувања во изминатиот период упатуваат на остатоци од материјалната култура од најстарите историски периоди до денес, на многу популации и цивилизации што оставиле длабоки траги како во материјалната, така и во духовната култура.

На подрачјето на Преспа регистрирани се 130 археолошки локалитети од различни периоди од развојот на материјалната култура, потоа 1000 археолошки експонати, 500 монети, како и 450 експонати од етнолошко наследство.

Регистрирани се 123 цркви и манастирски комплекси, како и 1024 икони. Како позначаен споменик од сакралната архитектура претставува црквата ,Св. Горѓи“ во селото Курбиново изградена во 1191 година. Други значајни цркви и манастири се следните: ,Св. Илија“ во с. Грнчари (XIII век), „Св. Петар“ — Остров Голем Град (XIV век), Сливнички манастир (XVI век), Св.Петка“ во с. Брајчино (XVII век) и други.

Со старата селска архитектура по својата специфичност и по своите вредности се истакнуваат населбите Брајчино, Љубојно, Долно Дупени, Јанковец, Кривени, Лева Река, кои со својата архитектура претставуваат посебни целини, куќи од камен, фурни и плетени огради.

По своите градителски специфичности населбата Коњско се вбројува во една од најатрактивните населби не само во Преспа, туку и пошироко. Објектите се градени од плетвар облепен со кал и со својата конструкција потсеќаат на праисториските градби од времето на неолитот. Зачувани се во многу мал обем.

Ресен е препознатлив по архитектонското остварување на познатата зграда Сарај - споменик на културата во изградена во почетокот на XX век од страна на Ахмет Нијази Беј еден од водачите на младотурската револуција. Објектот е градба од неокласицизмот со монументален изглед и прекрасна фасадна декорација

Во објектот Сарај се сместени Домот на култура Драги Тозија музејската збирка (составен дел од националната установа Музеј на Македонија), постојаната ликовна изложба на Кераца Висулчева и Ресенската керамичка колонија.

Преспа е регион со големо природно, културно историско наследство, регион со голем потенцијал за развој на туризмот. Предизвик за локалната самоуправа е унапредување на условите за искористување на ресурсите во функција на развој на туризмот.

Ресен се наоѓа на местото на некогашната римска населба Скиртијана на патот Виа Игнациа. Ресен е стара населба, која за првпат се споменува во 1337 година под името Росне". Според историчарите за прв пат добива статус на град пред 3-4 века. Според локацијата среде големо плодно поле, покрај река, со постепено доселување на Турците и изградбата на јавни објекти, касарна, џамии, многу бргу се издигна во нахиски (околиски) центар, Ресен претставува основен центар на занаетчиството во Преспа кое најпрвин егзистирало како аматерска а потоа прераснало во професионална и основна дејност.

Трговијата се појавува во осумдесеттите години на XIX век, кога биле отворени првите дуќани за стока и широка потрошувачка (килимичаршави, леб, алати, предмети за домаќинството и др).

Индустриското производство се појавува непосредно пред втората светска војна со отворање на фабриката за производство на ќерамиди и тули (1936). Индустриското производство зазема поголем замав по втората светска војна кога беа отворени повеќе производни и други организации.

Додека почетоците на угостителството во Ресен ги среќаваме во втората половина на XV век, а во поразвиена форма оваа стопанска гранка се јавува во првата половина од XX век кога печалбарите повратници поцнале да отвораат кафани, ресторани, хотели во кои можело да се добие пијалок, јадење а по потреба и да се преноќи Ресенчани својата егзистенција ја обезбедуваат преку земјоделството, сточарството, трговијата, угостителството и индустријата како и работа во јавните претпријатија и органите на локалната и државната администрација.

# 3.АНАЛИЗА НА СИЛНИ СТРАНИ СЛАБИ СТРАНИ МОЖНОСТИ И ЗАКАНИ

**Визија:**

Општина со одржлив економски развој, со препознатливи земјоделски производи, Преспа посакувана туристичка дестинација за езерски, авантуристички, здравствен и екотуризам

**Стратешки цели:**

•Подобрување на условите за инвестиции во локалната економија.

•Подобрување на конкурентноста на локални производи и пласман на нови пазари.

•Подобрување на туристичка понуда на Преспа

**ОПШТИНА РЕСЕН SWOT АНАЛИЗА**

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| -Поволни услови за земјоделско производство.<br><br>-Долга традиција, знаење и искуство во производство на јаболка.<br><br>-Поволни услови за развој на туризмот, Преспанско Езеро, остров Голем Град национални паркови Пелистер и Галичица, Парк на природа Езерани, културно и историско наследство.<br><br>-Поволни услови за развој на здравствен туризам (единствена болница за неспецифични респираторни заболувања Отешево)<br><br>-Поволни услови за искористување на обновливи извори на енергија (голем број на сончеви денови). | - Недоволна диверзификација на пласманот на јаболката и извозна ориентираност на земјоделското производство во региони погодени со воен конфликт и санкции.<br><br>-Недоволна промоција, непрепознатливост и мала додадена вредност на локалните земјоделски производи.<br><br>-Недоволна искористеност на локалните ресурси за развој на туризмот.<br>-Мал број на сместувачки капацитети.<br>-Мал број и недоволно квалитетни туристички производи.<br><br>-Непостоење на локална туристичка организација.<br><br>-Недоволна промоција и маркетинг на регионот како туристичка дестинација.<br><br>-Недоволно претприемачки вештини и бизнис идеи кај локалното население. |
| **Можности** | **Закани** |
| -Достапност до финансиски средства од домашни и странски фондови и програми.<br><br>-Зголемена побарувачка за алтернативни форми на туризам.<br><br>-Зголемена побарувачка за еколошки и органски земјоделски производи и преработки.<br><br>-Отворање на граничен премин со Маркова Нога со Грција, заедничка прекугранична туристичка понуда на преспанскиот регион, ,,Три држави, две езера една дестинација – Преспа„ | -Воен конфликт затворање на извозни пазари за земјоделски производи<br><br>-Пандемија, енергетска и економска криза, кои влијаат негативно на патувањата во целина.<br><br>-Загадување на водата и осцилации на нивото на Преспанско Езеро.<br><br>-Миграција на население. |

# 4.АКЦИОНЕН ПЛАН

| 1.Стратешка цел: Подобрување на условите за инвестиции во локалната економија | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Клучна цел** | **Активности** | **Временска рамка** | **Вклучени партнери** | **Буџет (МКД)** | **Резултати** | **Индикатори** |
| 1.1 Инвестиции во комунална инфраструктура | 1.1.1. Подготовка на урбанистичка/техничка документација за инфраструктура | 2023-2027 | Општина Ресен, Влада. Надлежни министерства, /институции. Домашни и странски донатори, програми, кредитни линии и сл. | 3.000.000 | Подготовка на урбанистичка/техничка документација за изградба/реконструкција на патна инфраструктура, водовод, канализација, пречистителни станици, јавни објекти и сл. | Број на подготвени урбанистички/основни проекти |
| | 1.1.2Изградба/реконструкција на комунална инфраструктура | 2023-2027 | | 15.000.000 | Изградба/реконструкција на патна инфраструктура, водовод, канализација, пречистителни станици, јавни објекти и сл. | Број на изградени/реконструирани инфраструктурни објекти |
| 1.2 Поттикнување на формирање на индустриска развојна зона | 1.2.1 Лоцирање на соодветно земјиште и подготовка на урбанистичка/техничка документација за индустриска развојна зона. | 2023-2027 | Општина Ресен, Влада. Надлежни министерства, /институции. Домашни и странски донатори, програми, кредитни линии и сл. | 2.000.000 | Лоцирање на соодветни парцели и подготовка на урбанистичка/техничка документација за воспоставување индустриска развојна зона. | Број на градежни парцели |
| | 1.2.2.Изградба на комунална инфрструктура до и во индустриска развојна зона | 2023-2027 | | 10.000.000 | Изградба на патна инфраструктура, водовод, канализација, енергетска инфраструктура и сл. | Број на изградени инфраструктурни објекти |

| 1.Стратешка цел: Подобрување на условите за инвестиции во локалната економија | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Клучна цел** | **Активности** | **Временска рамка** | **Вклучени партнери** | **Буџет (МКД)** | **Резултати** | **Индикатори** |
| 1.3 Поттикнување на претприемништво, поддршка на мали и средни претпријатија | 1.3.1 Мапирање на МСП во Општина Ресен | 2023 | Општина Ресен, Влада. Надлежни министерства, /институции. Стопански субјекти. Домашни и странски донатори, програми, кредитни линии и сл. | 500.000 | Мапирање на МСП во Општина Ресен, изработка на база на податоци и адресар на локалното стопанство. | Изработена база на податоци и адресар на локалното стопанство. |
| | 1.3.2 Информирање, подигнување на капацитетите и поддршка на МСП за искористување на развојни прогрми, фондови мерки и кредити. | 2023-2027 | | 500.000 | Информирање на МСП за можностите за искористување на развојни прогрми, фондови мерки и кредити. Подигнување на индивидуалните капацитети на МСП. Поддршка во подготовка на соодветни апликации и сл. | Број на информирами МСП за можностите за искористување на развојни прогрми, фондови, мерки и кредити. Број на МСП за корисници на развојни прогрми, фондови, мерки и кредити. |
| | 1.3.3. Поттикнување на претприемништво | 2023-2027 | | 1.000.000 | Воспоставување на регионална институционална соработка за поддршка на претприемништвото, бизнис инкубатори, поддршка на стартап бизниси и сл. | Број на нови стартапи. |
| | 1.3.4 Унапредување на работата на Локалниот Социо Економски Совет на Општина Ресен | 2023-2027 | | 500.000 | ЛЕСС има консултативно советодавна функција, разгледува, дава предлози, препораки и иницијативи за локален економски развој. | Број на предлози, препораки и иницијативи. |

| 1.Стратешка цел: Подобрување на условите за инвестиции во локалната економија | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел** | **Активности** | **Временска рамка** | **Вклучени партнери** | **Буџет (МКД)** | **Резултати** | **Индикатори** |
| 1.4 Унапредување на пазарот на трудот | 1.4.1 Вмрежување на учесници на пазарот на трудот | 2023-2027 | Образовни институции. Стопански субјекти, Домашни и странски донатори и програми | 500.000 | Информирање, подигнување на капацитетите и поддршка за искористување на стимулативни мерки при вработување и самовработување, поддршка на социјална инклузија при вработувањето, промоција на можностите за започнување и унапредување на бизниси. | Број на субјакти корисници на стимулативни мерки при вработување и самовработување, поддршка на социјална инклузија. |
| | 1.4.2 Унапредување на образованието во согласност со потребите на пазарот на трудот | 2023-2027 | | 1.500.000 | Анализа на пазарот на трудот, поттикнување на отворање паралелки за дефицитарни занимања, поддршка на иновативни програми, поддршка на неформално, перманентно и доживотно учење, поддршка на научно истражувачка дејност, развој на дуално образование. | Број на ученици вклучени во иновативни програми, дуално образование, неформално учење и во научно истражувачка дејност. |

| 1.Стратешка цел: Подобрување на условите за инвестиции во локалната економија | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел** | **Активности** | **Временска рамка** | **Вклучени партнери** | **Буџет (МКД)** | **Резултати** | **Индикатори** |
| 1.5 Зелена економија | 1.5.1Поттикнување и поддршка за зелени бизниси. | 2023-2027 | Општина Ресен, Влада/Надлежни министерства/агенции. Стопански субјекти, Домашни и странски донатори, програми, кредитни линии. | 500.000 | Информирање поттикнување и поддршка на стопанството користење на средства прогрми, фондови мерки и кредити за зелени бизниси. Имлементација на стандарди, одржливост, интеграција, вредносни синџири и сл. | Број на информирани стопански субјекти за можностите за искористување на прогрми, фондови мерки и кредити за зелени бизниси.<br>Број на стопански субјекти корисници на развојни прогрми, фондови, мерки и кредити. |
| | 1.5.2 Поттикнување и поддршка на стопанството за енергетска ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија | 2023-2027 | | 500.000 | Информирање поттикнување и поддршка на стопанството за искористување на средства од домашни и странски фондови за инвестиции за енергетска ефикасност и обновлива енергија. | Број на информирани стопански субјекти за можностите за искористување на прогрми, фондови мерки и кредити за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.<br>Број на стопански субјекти корисници на програми, фондови, мерки и кредити за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија. |

| 1.Стратешка цел: Подобрување на условите за инвестиции во локалната економија | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел** | **Активности** | **Временска рамка** | **Вклучени партнери** | **Буџет (МКД)** | **Резултати** | **Индикатори** |
| 1.6 Дигитална инфраструктура и јавни услуги | 1.6.1 Поттикнување и развој на дигитална инфраструктура и дигитални услуги | 2023-2027 | Општина Ресен, Влада. Надлежни министерства, /институции.<br>Стопански субјекти. Домашни и странски донатори, програми, кредитни линии и сл. | 2.000.000 | Развој на платформа за дигитални јавни услуги и услуги за бизнис секторот, поставување на точки за бесплатен пристап до интернет на јавни површини и објекти ,развој на мобилни апликации за специфични услуги (бизнис услуги, социјални услуги, туристичка понуда и културно наследство и сл. | Број на дигитални услуги.<br>Број на точки со бесплатен пристап до интернет.<br>Број на корисници на дигитални јавни услуги. |
| 1.7 Циркуларна економија | 1.7.1 Поттикнување на процесот на воспоставување на циркуларна економија на локално ниво | 2023-2027 | Општина Ресен, Влада. Надлежни министерства, /институции.<br>Стопански субјекти. Домашни и странски донатори, програми, кредитни линии и сл. | 500.000 | Поттикнување на циркуларна економиаја како принцип за намалување на загадувањето, оддржлива употреба на природните ресурси и рециклирање со цел кон постепено одвојување на економската активност од потрошувачката на конечни ресурси и елиминирање на отпадот. | Број на инвестиции во циркуларна економија. |

| 1.Стратешка цел: Подобрување на условите за инвестиции во локалната економија | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел** | **Активности** | **Временска рамка** | **Вклучени партнери** | **Буџет (МКД)** | **Резултати** | **Индикатори** |
| 1.8 Креирање на партнерства и вмрежување | 1.8.1Поттикнување и унапредување на соработка на стопанските субјекти во ПРЕСПА прекуграничната област | 2023-2027 | Општина Ресен, Влада. Надлежни министерства, /институции.<br>Стопански субјекти. Домашни и странски донатори, програми, кредитни линии и сл. | 500.000 | Активности за вмрежување поттикнување на заеднички иницијативи за инвестиции, унапредување на производство, креирање на производи карактеристични за регионот, изработка на стратешки документи, субјекти во Преспа прекуграничната област и сл. | Број на партнерски имплементирани проекти. |
| | 1.8.2 Поттикнување на партнерства, вмрежување, членување во организации и други форми на здружување во ЕУ | 2023-2027 | | 500.000 | Активности за вмрежување, поттикнување унапредување на соработката со партнери од ЕУ и ИПА држави.<br>Имплементација на проекти на партнерски проекти, членување во Европски мрежи, организации и други форми на здружување. | Број на партнерски имплементирани проекти. |

| 1.Стратешка цел: Подобрување на условите за инвестиции во локалната економија | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел** | **Активности** | **Временска рамка** | **Вклучени партнери** | **Буџет (МКД)** | **Резултати** | **Индикатори** |
| 1.9 Подигнување на капацитетите на локалната самоуправа | 1.9.1 Подигнување на капацитетите на општината за подготовка, апликација и реализација на проекти за локален економски развој | 2023-2027 | Општина Ресен, Влада. Надлежни министерства, /институции. Домашни и странски донатори, програми, кредитни линии и сл. | 500.000 | Подигнување на капацитетите на локалната самоуправа за соработка со бизнис сектор, развој и поддршка на претприемништвото и иновациите, организација на настани за поддршка на бизнис секторот, поддршка на специфичните бизнис целни групи (млади, жени, социјално ранливи категории граѓани), развој на бизнис инкубатории стартап центри, поддршка на рурален развој,поддршја на локални акциони групи, поддршка на земјоделците, развој и промоција на туризмот, прекугранична соработка, трансфер на знаења и искуства од добри практики. | Број на имплементирани проекти, број на |
| 1.10 Промоција и маркетинг на можности за инвестиции | 1.10.1 Промотивни активности за конкурентноста на општината за инвестиции | 2023-2027 | Општина Ресен, Влада. Надлежни министерства, /институции. | 500.000 | Промоција на конкурентните предности на општината како дестинација привлечна за инвестиции. | Број на изработени публикации, одржани настани, информативни средби и сл. |

| 2.Стратешка цел: Подобрување на туристичката понуда на Преспа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел** | **Активности** | **Временска рамка** | **Вклучени партнери** | **Буџет (МКД)** | **Резултати** | **Индикатори** |
| 2.1 Инвестиции во туристичка инфраструктура | 2.1.1. Подготовка на урбанистичка/техничка документација за туристичка инфраструктура | 2023-2027 | Општина Ресен, Влада. Надлежни министерства, /институции. Домашни и странски донатори, програми, кредитни линии и сл. | 2.000.000 | Подготовка на урбанистичка/техничка документација за изградба/реконструкција на инфраструктура во функција на развој на туризмот. | Број на подготвени урбанистички/основни проекти |
| | 2.1.2Изградба/реконструкција на туристичка инфраструктура | 2023-2027 | | 15.000.000 | Изградба/реконструкција на патна и комунална на инфраструктура во функција на развој на туризмот. | Број на изградени/реконструирани инфраструктурни објекти |
| 2.2 Поттикнување на формирање на туристичка развојна зона | 2.2.1 Лоцирање на соодветно земјиште и подготовка на урбанистичка/техничка документација за индустриска развојна зона. | 2023-2027 | Општина Ресен, Влада. Надлежни министерства, /институции. Домашни и странски донатори, програми, кредитни линии и сл. | 2.000.000 | Лоцирање на соодветни парцели и подготовка на урбанистичка/техничка документација за воспоставување туристичка развојна зона. | Број на градежни парцели |
| | 2.2.2.Изградба на комунална инфрструктура до и во туристичка развојна зона | 2023-2027 | | 15.000.000 | Изградба на патна инфраструктура, водовод, канализација, енергетска инфраструктура и сл. | Број на изградени инфраструктурни објекти |

| 2.Стратешка цел: Подобрување на туристичката понуда на Преспа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел** | **Активности** | **Временска рамка** | **Вклучени партнери** | **Буџет (МКД)** | **Резултати** | **Индикатори** |
| 2.3 Поддршка на локалните туристички и угостителски субјекти за унапредување на туристичката понуда | 2.3.1 Информирање, потикнување и подршка на локалните туристички и угостителски субјекти во искориување на домашнии странски програми и фондови | 2023-2027 | Општина Ресен, Влада. Надлежни министерства, /институции.<br>Туристички и угостителски субјекти.<br>Домашни и странски донатори, програми, кредитни линии и сл. | 500.000 | Евиденција на туристички и угостителски субјекти, туристички локалитети и знаменитости од интерес за развој на туризмот во Општина Ресен. Информирање, поттикнување и поддршка за искористување на домашни и странски програми и фондови за унапредување на туристичката понуда, и развој на нови туристички производи. | Број на информирани и подржани туристички и угостителски субјекти |
| | 2.3.2 Подигнивање на квалитетот и промоција на туристичката понуда | 2023-2027 | | 500.000 | Анализа на состојбите за туристичкиот пазар, поттикнување на вмрежувањна туристичката понуда, промоцијаи пласман на локални туристичкие производи, промотивни активности, изработка и пласман на промотивен материјал, дигитални алатки и промотивни настани. | Број на остварени соработки/Број на иницијативи/Број на обуки. |

| 2.Стратешка цел: Подобрување на туристичката понуда на Преспа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел** | **Активности** | **Временска рамка** | **Вклучени партнери** | **Буџет (МКД)** | **Резултати** | **Индикатори** |
| 2.3 Поддршка на локалните туристички и угостителски субјекти за унапредување на туристичката понуда | 2.3.3 Подобрување, стандардизација и вмрежување на туристичката понуда | 2023-2027 | Општина Ресен, Влада. Надлежни министерства, /институции. Туристички и угостителски субјекти. Домашни и странски донатори, програми, кредитни линии и сл. | 1.000.000 | Подигнување на капацитетите на давателите на туристички и угостителски услуги преку подигнување индивидуалните капацитети на субјектите, стандардизација на туристичката понуда, споделување и имплементација на добри практики, соработка со научни институции од областа, вмрежување на туристичката понуда на локални и прекугранични субјекти. | Број на остварени соработки/Број на иницијативи/Број на обуки. |
| | 2.3.4 Унапредување на развојот на вредносни синџири во туризмот | 2023-2027 | | 500.000 | Информативни средби за поттикнување на вредносен синџир , поттикнување на туристичките субјекти за примена на нови практики, и иновативни алатки. Инвестиции во енергетска ефикасност, подобрување на туристичките услуги, вклучување на субјектите во вредносен синџир, примена на ЕУ стандарди за услуги во туризмот , поттикнување на формирање на нови туристички субјекти. | Број на организирани настани, средби. Број на применети нови практики во синџирот на туризам. Инвестиции во туризмот, број на услуги вклучени во вредносен синџир, број на нови иновативни алатки/сервиси и сл. |

| 3.Стратешка цел: Подобрување на конкурентноста на локалните производи и пласман на нови пазари | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел** | **Активности** | **Временска рамка** | **Вклучени партнери** | **Буџет (МКД)** | **Резултати** | **Индикатори** |
| 3.1 Занаетчиство | 3.1.1 Унапредување и ревитализација локалните занаети | 2023-2027 | Општина Ресен, Влада. Надлежни министерства, /институции. Стопански субјекти, занаетчии, занаетчиски комори. Домашни и странски донатори, програми, кредитни линии и сл. | 1.500.000 | Мапирање на локални занаети, локани занаетчиски производи, поттикнување на инвестиции за опремување на занаетчиски работилници, промоција на занаетчиски производи и услуги. Информирање, поттикнување и поддршка на локалните занаети за искористување на домашни и странски програми и фондови | Број на ревитализирани/нови занаетчиски работилници и производи |
| 3.2 Поттикнување на унапредување на производи и услуги | 3.2.1 Информирање, потикнување и подршка на стопанските субјекти во искориување на домашнии странски програми и фондови | 2023-2027 | | 500.000 | Информирање, поттикнување и поддршка на стопанските субјекти за искористување на домашни и странски фондови за унапредување на производи и услуги | Број на информирани и подржани стопански субјект |

| 3.Стратешка цел: Подобрување на конкурентноста на локалните производи и пласман на нови пазари | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел** | **Активности** | **Временска рамка** | **Вклучени партнери** | **Буџет (МКД)** | **Резултати** | **Индикатори** |
| 3.3 Рурален развој | 3.3.1 Поттикнување и унапредување земјоделството | 2023-2027 | Општина Ресен, Влада. Надлежни министерства, /институции. Земјоделски задруги, семејни земјоделски стопанства. Домашни и странски донатори, програми, кредитни линии и сл. | 2.000.000 | Подигнување на формирање организации на производители, организрање на информативни настани и работилници за индивидуалните земјоделци, земјоделски задруги , презентација на иновативни практики и примери на успешни вредносни синџири, воспоставување на смарт технологии и опрема за поддршка на производството, изработени студии и анализи, економски показатели и воспоставување на пилот вредносни синџири по ЕУ стандарди и пракси | Број на организирани настани, спроведени анализи и истражувања, број на пилот вредносни синџири , број на земјоделски субјекти кои примениле смарт технологии |
| | 3.3.2 Поттикнување на развој на семејни земјоделски стопанства | 2023-2027 | | 1.500.000 | Информирање, поттикнување и поддршка на семејните земјоделски стопанства за искористување на средства за инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства, подигнување на капацитетите и подобрување на одржливоста и конкурентноста на производите на семејните земјоделски стопанства. | Број на семејни земјоделски стопанства корисници на средства од програми за поттикнување на развој на земјоделството |

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за одржување на седниците на Совет на Општина Ресен со употреба на интернет комуникација во посебни услови за состојба на советник

Се објавува Одлуката за одржување на седниците на Совет на Општина Ресен со употреба на интернет комуникација во посебни услови за состојба на советник, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 27.06.2023 година.

Бр.09-1416/4
29.06.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/02), член 23 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен број бр.7/2010,13/2013, 8/2015,11/2015 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 27.06.2023 година донесе,

О Д Л У К А
за одржување на седниците на Совет на Општина Ресен со употреба на интернет комуникација во посебни услови за состојба на советник

Член 1

Со оваа Одлука се овозможува водење, одржување и одлучување на седниците на Советот на Општина Ресен со употреба на интернет комуникација, помеѓу учесниците на седницата, заради оправдани причини кои ќе му се предизвикани на Советникот или Претседателот на Совет, како физички нарушавања на здравјето или друг вид на заразни болести, тешки телесни повреди и со тоа неможноста за движење, се додека трае таквата состојба за советникот , односно на Претседателот на Советот.

Член 2

Претседателот на Советот учевствува и раководи со седницата на советот онлајн по негово барање или по барање на советник за присуство кога за тоа постојат оправдани причини наведени во членот 1 од оваа Одлука.

Претседателот на Советот употребува комуникациски средства (телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки) откако Претседателот/советникот кој го примил материјалот за седницата и 3- три дена пред одржувањето на седницата, ќе го извести за негова потреба за онлајн присуство.

Во случај на одржување на седница со употреба на комуникациски средства за советникот кој тоа го побарал, гласањето со употреба на комуникациски средства се одвива по пат на поименично произнесување на истиот кој се најавел за онлајн седницата.

За текот на седницата на советот со употреба на комуникациски средства, задолжително се води записник.

Член 3

Во случај на спреченост или отсуство на Претседателот на советот, седниците на советот ги свикува и раководи најстариот член на Советот, по овластување на Претседателот.

Член 4

Се задолжува администрацијата на Општина Ресен да ја обезбеди потребната техничка подршка и условите за онлајн следење и приклучување во седниците на Совет на Општина Ресен.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавување во “Службен Гласник на Општина Ресен“ .

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08-1348/7
27.06 2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**5.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за дополнување на Програмата за Ф – Урбано планирање Ф10 -Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 година

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за Ф – Урбано планирање Ф10 -Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 27.06.2023 година.

Бр.09-1416/5
29.06.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на чл.40 ст. 1 од Законот за урбанистичкото планирање ( ,,Сл.Весник на РСМ“ бр.32/20), чл. 23, ст. (1), т. 7 од Статутот на Општина Ресен (,,Сл. Гласник на Општина Ресен‘‘ бр.07/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21), Советот на општина Ресен на седница одржана на ден 27.06.2023 год. донесе:

**ПРОГРАМА**

**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

**Ф - 10 Урбано планирање**

**Ф10 – Урбанистичко планирање**

**Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 година**

Со Оваа Програма се дополнува Програмата Ф - 10 Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 год. под бр. 08-2964/19 од 14.12.2022 година , Програмата за дополнување на Програмата Ф - 10 Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 год. под бр. 08-635/32 од 14.03.2023 год. ( Службен гласник на Општина Ресен бр. 4/2023год, Програмата за дополнување на Програмата Ф - 10 Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 год. под бр. 08-940/19 од

26.04.2023 год. ( Службен гласник на Општина Ресен бр. 6/2023год), Програмата за дополнување на Програмата Ф - 10 Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 год. под бр. 08-1159/13 од 30.05.2023 год. ( Службен гласник на Општина Ресен бр. 8/2023год) во делот III. Урбанистички Планови и Урбанистички проекти кои ќе се финансирани од физички лица и правни лица, се додаваат следните точки:

**64. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРАБНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**

спроведување на инфраструктурен вод 10(20)Kv – среднонапонски кабел до постојна трафостаница во Општина Ресен на делови од

КП 649, 684, 848, 483, 484/1, 847, 838 КО Јанковец

КП 1355, 1356, 1597, 1617, 1366, 1365, 1363, 1377, 1362, 1387, 1390, 1391/20, 1391/2 КО Златари,

делови од КП 2707/1, 1957/1, 1911, 4661, 4662, 2289, 4665, 2692,4666/1 КО Ресен вон град

и делови од КП 6383/1, 6397/1, 6382/1, 4481/1, 2618 и 2613 КО Ресен,

Општина Ресен

**65. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРАБНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**

спроведување на инфраструктурен вод 10(20)Kv – среднонапонски кабел до постојна трафостаница во Општина Ресен на делови од

КП 6185, 2707/1, 2692 и 4666/1 КО Ресен вон град

Општина Ресен

**66. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРАБНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**

ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НА К.П.бр.1370/1, К.П.бр.1370/2, К.П.бр.1370/3 и К.П.бр.1364/1 м.в. Езериште, К.О.Сопотско Општина Ресен.

Граници на проектниот опфат се:

ЗАПАД – граничи со К.П.бр.4528/1 и К.П.бр.2762/1 која во Агенцијата за катастар на недвижности е регистрирана како зпо земјиште под објект Вештачки неплодни земјишта кој претставува пристапен пат К.О.Ресен вон.

СЕВЕР – граничи со катастарска парцела К.П.бр.2762/1 и К.П.бр.1369/1 и К.П.бр.1365/4 која во Агенцијата за катастар на недвижности е регистрирана како камењар кој претставува пристапен пат, К.О.Сопотско.ИСТОК – КП 2452 КО Ресен вон град,

ЈУГ – граничи со К.П.бр.1371, К.П.бр.1374 и К.П.бр.1364/1, К.О.Сопотско и К.П.бр.4530 К.О.Ресен вон град,

ИСТОК - граничи со К.П.бр.1364/2 К.О. Сопотско. На југ граничи со К.П.бр.1371, К.П.бр.1374 и К.П.бр.1364/1, К.О.Сопотско и К.П.бр.4530 К.О.Ресен вон град

Вкупна површина на проектниот опфат на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОРМИРАЊЕНА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НА К.П.бр.1370/1, К.П.бр.1370/2, К.П.бр.1370/3 и К.П.бр.1364/1 м.в. Езериште, К.О.Сопотско, Општина Ресен е приближно околу 2.63 ха

Програмата влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен Гласник на Општина Ресен‘‘.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08- 1348/8
27.06.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**6.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за давање согласност на доделените средства за имлементација на активности во согласност со Акциски план за Преспанското Езеро

Се објавува Одлука за давање согласност на доделените средства за имлементација на активности во согласност со Акциски план за Преспанското Езеро, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 27.06.2023 година.

Бр.09-1416/6
29.06.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр. 05/02) и член 23 став 47 од Статутот на Општина Ресен ("Службен Гласник на Општина Ресен" бр.7/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 27.06.2023 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За давање согласност на доделените средства за имлементација на активности во согласност со Акциски план за Преспанското Езеро

## Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на доделените средства од буџетот на Владата на Република Северна Македонија , за имплементација на активности кои се во согласност со Акцискиот план за Преспанско Езеро , а се следните активности:

| | |
|---|---|
| Активност 1 | Реконструкција на водоводната мрежа на централниот водоводен систем со замена на азбестни цевки, изградба на куќни приклучоци, поставување на смарт современа мерна и контролна опрема на системот со цел намалување на загубите на вода |
| Усогласеност со плански документи и Одлуки на Совет на општината | Во согласност со План на програми за развој во Општина Ресен за 2021-2023 година.<br><br>**(Мерката е директно поврзан со втората цел/заштитата на подземните води, квантитет и квалитет, кои се користат за водоснабдување на граот Ресен и пошироко ).** |
| Статус | Во тек е изработка на техничка документација за реконструкција на дел од водоводна мрежа од централниот систем на град Ресен и Физибилити студија за дополнителни извори на вода за централниот систем за водоснабдување во Ресен. |
| Потребен буџет за реализација | 44.000.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| Активност 2 | Изградба на канализациони системи и пречистителни станици за третман на отпадни води во населени места во општина |

| | |
|---|---|
| | Ресен |
| Усогласеност со плански документи и Одлуки на Совет на општината | Предвидената активност е во согласност со Програма ЈИ-изградба на канализациони системи, ЈИО-изградба на фекални канализации во Општина Ресен за 2022 година.<br><br>**(Мерката е поврзана со првата цел/заштита на водите, почвата и биодиверзитетот во ПЕ и сливното подрачје).** |
| Статус | Поднесени се апликации за добивање на средстава за изработка на проектно – техничка документација за изградба на канализациони систени и пречистителни стани. |
| Потребен буџет за реализација | 20.000.000,00 денари |
| Активност 3 | Реконструкција на водоводниот систем со обезбедување на дополнителни количини на вода за селата Претор и Стење во согласност со подготвена техничка документација |
| Усогласеност со плански документи и Одлуки на Совет на општината | Имајки ја во предвид целокупната ситуација треба да се изработи соодветна техничка документација која предвидува прифатливо техничко решение во согласност со Акцискиот план за Преспанското Езеро.<br>Предвидената активност е во согласност со План на програми за развој во Општина Ресен за 2021-2023 година и Програма ЈГ изградба, реконструкција и доржување на водоводи за 2022 година.<br><br>**(Мерката е директно поврзан со втората цел/заштитата на подземните води, квантитет и квалитет, кои се користат за водоснабдување).** |
| Статус | Во тек е изработка на Физибилити студија за водоснабдување на с.Стење од централниот систем во Сирхан и Физибилити студија за дополнителни извори на вода за с.Претор. |
| Потребен буџет за реализација | 10.000.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| Активност 4 | Реконструкција на централната пречистителна станица во с.Езерани |
| Усогласеност со плански документи и Одлуки на Совет на општината | Активноста е усогласена со концептот на новиот план за управување со Паркот на природата Езерани, како стратешки документ на општината, и директно е во согласност со концептот на Проектот ЕУ за Преспа.<br><br>**(Предвидената активност е во согласност со Акцискиот план за Преспанското Езеро и директно поврзана со првата цел).** |

| | |
|---|---|
| Статус | Општината работи на обезбедување на финансиски средства за изработка на потребната проектно – техничка документација. |
| Потребен буџет за реализација | 6.000.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| Активност 5 | Унапредување на системот за управување со органски отпад, вклучително и рестартирање на постоечката Компостара |
| Усогласеност со плански документи и Одлуки на Совет на општината | Предвидената активност е во согласност со Годишната програма за заштита на природата во Паркот на природата Езерани во 2022 година.<br><br>**(Предвидената активност е во согласност со Акцискиот план за Преспанското Езеро и директно поврзана со првата цел).** |
| Статус | |
| Потребен буџет за реализација | 1.000.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| Активност 6 | Имплементација на Студијата за искористување на трската, вклучително и набавка на соодветна опрема за решавање на проблемот со трската вдолж крајбрежјето на Преспанско Езеро |
| Усогласеност со плански документи и Одлуки на Совет на општината | Предвидената активност е во согласност со Студијата за искористување на трската со Акциски план и со Годишната програма за заштита на природата во Паркот на природата Езерани во 2022 година.<br><br>**(Предвидената активност е во согласност со Акцискиот план за Преспанското Езеро и директно поврзана со првата цел).** |
| Статус | Изготвена е Студијата за искористување на трската со Акциски план |
| Потребен буџет за реализација | 2.000.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| Активност 7 | Уредување на крајбрежната линија на Преспанско Езеро во согласност со член 10 став (1) од Законот за прогласување на Преспанското Езеро за Споменик на природата. |
| Усогласеност | Предвидената активност е во согласност со оперативниот план |

| | |
|---|---|
| со плански документи и Одлуки на Совет на општината | 2021 – 2023 година на општината.<br><br>**(Предвидената активност е во согласност со Акцискиот план за Преспанското Езеро).** |
| Статус | Предвидено е изработка на елаборат за фактичка состојба на крајбрежната линија на Преспанското Езеро. |
| Потребен буџет за реализација | 1.000.000,00 денари |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Ресен" .

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08-1348/9
27.06.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

## С О Д Р Ж И Н А:


1. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Ресен за 2023 година……………………………………………………………………стр.2
2. Заклучок по Годишен план за вработување за 2024 година на ЈОУДГ“ 11 Септември“ Ресен........................................................................стр.64
3. Заклучок по Стратегија за локален економски развој 2023-2027......стр.65
4. Одлука за одржување на седниците на Совет на Општина Ресен со употреба на интернет комуникација во посебни услови за состојба на советник.........................................................................................стр.97
5. Програма за дополнување на Програмата за Ф – Урбано планирање Ф10 -Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 година...........................................................стр.98
6. Одлука за давање согласност на доделените средства за имлементација на активности во согласност со Акциски план за Преспанското Езеро…………………………………..…………………стр.101


**Издавач:Општина Ресен**
**Тел:047-551-770**
**Буџетска сметка: 7600140754630 10 НБРМ**
**Даночен број: 4024004107609**
**Матичен број: 6018572**